Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи ( („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), Општина Охрид објавува:

# Ј А В Е Н О Г Л А С
за вработување работник

**1.Назив на работно место: Хигиеничар**

**- Број на извршители:** 1 извршител
**- Назив на одделение:** Одделение за информатичка технологија и административно техничка поддршка
**- Назив на сектор**: Сектор за општи работи
**- Стручни квалификации**: Основно образование
**- Работно искуство**: Со или без работно искуство во струката

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е полнолетен,
- активно да го користи македонскиот јазик
- да има општа здравствена состојба и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Кон пријавата кандидатите е потребно да достават: кратка биографија и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место.**

Неделното работно време е од понеделник до петок, 40 работни часа неделно, односно 8 (осум) работни часа дневно, работно време од 08 до 16 часот;
- Нето платата изнесува 24.400,00 денари.

Заинтересираните кандидати задолжителните докази ги доставуваат во оригинал или заверен препис.

**Рокот за доставување на пријавите изнесува 3 (три) работни дена сметано од денот на објавување на огласот.**

Изборот за огласените работни места ќе се изврши во рок од 10 ( десет) работни дена сметано од денот на истекот на рокот за пријавување.

Ненавремените и некомплетните пријави нема да бидат земени за разгледување.

**Пријавите со потребната документација треба да се достават на адреса: Општина Охрид ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид ( со назнака “за оглас“ )**.

Лице за контакт: Лидија Грданоска, Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси –Општина Охрид

Телефон за контакт: 071 396 635

ОПШТИНА ОХРИД
Градоначалник
Кирил Пецаков

Одобрил: Секретар, Александар Китески
Изработил:Раководител, Лидија Грданоска